ПРОЕКТИРАЊЕ НАДЗОР РЕВИЗИЈА ИНЖЕЊЕРИНГ УРБАНИЗАМ
ТИПИНГ
ул. Маршал Тито бр. 11/ 1 Велес тел: 043232159 075 493400

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги

**ЛОКАЦИЈА**
на КП бр. 850,
КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром

**НАРАЧАТЕЛ**
Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт
ул. Митре Влаот, лок. 24, ТЦ Лисиче, Скопје

**ТЕХНИЧКИ БРОЈ**
0213-05/22

**УПРАВИТЕЛ**
Јагода Стојковска

**ПЛАНЕР**
Благојче Цветковски, дипл. инж. арх.
Овластување бр. 0.0463

СЕПТЕМВРИ 2023

# ВОВЕД

Согласно Член 62 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/2020), Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, се изработува врз основа на Проектна програма одобрена од надлежниот орган.

Со **Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Аеродром** регулиран е начинот на изработка и одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план. Во случаите кога Барател за одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е заинтересирано правно или физичко лице, финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект е на товар на Барателот. Барател за одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги е Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт, ул. Митре Влаот, лок. 24, ТЦ Лисиче, Скопје.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е планско-проектна документација која се изработува за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/2020), Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 225/2020, 219/2021, 104/2022, 99/2023), Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторен план на РСМ како и останата законска и подзаконска регулатива која се однесува на конкретната намена.

# ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

На земјиштето опфатено со проектниот опфат на урбанистичкиот проект се формира градежна парцела. Спроведувањето на конкретниот урбанистички проект ќе биде согласно актуелниот закон за градење и другата позитивната законска регулатива од областа на градежништвото.

Проектниот опфат е лоциран на 8 km југоисточно од Градот Скопје.

Во површината на планираниот проектен опфат влегува КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, и истиот зафаќа површина од 0.22 ha односно 2212.10 m².

Граница на проектниот опфат граничи со соседни катастарски парцели, и тоа:

- на север: граничи со катастарската парцела КП 852

- на исток: граничи со катастарската парцела КП 851

- на југ: граничи со катастарската парцела КП 2237/15

- на запад: граничи со катастарската парцела КП 849

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги започнува на север на границата помеѓу КП 850, КП 851 и КП 852; се движи кон запад по границата помеѓу КП 850 и КП 852, сè до КП 849; од тука, се движи кон југ по границата помеѓу КП 850 и КП 849, сè до КП 2237/15; од тука, се движи кон исток по границата помеѓу КП 850 и КП 2237/15, сè до КП 851; од тука, се движи кон север по границата помеѓу КП 850 и КП 851, сè до КП 852 (почетна точка). Вака опишана, границата на проектниот опфат ги има следните координати на прекршните точки:

| | X | Y | Позиција |
|---|---|---|---|
| 1 | 7543309.3700 | 4646279.4200 | Најсеверна точка |
| 2 | 7543285.7500 | 4646236.0100 | |
| 3 | 7543268.8100 | 4646204.3500 | Најзападна точка |
| 4 | 7543295.7500 | 4646195.2900 | Најјужна точка |
| 5 | 7543310.0100 | 4646225.1900 | |
| 6 | 7543332.1500 | 4646270.1700 | Најисточна точка |
| 7 | 7543309.3700 | 4646279.4200 | |

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Цел на изработка на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е да се изврши урбанизација со следните наменски употреби на земјиштето:

- Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги

Со урбанизација на конкретниот опфат ќе се овозможи задоволување на потребите на Барателот за изградба на индустриски капацитет.

Со цел непречено функционирање на комплексот, преку изработката на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе бидат уредени компатибилните, комплементарните и алтернативните намени во однос на основната класа на намена.

Со изградба на индустриските капацитети ќе се придонесе и ќе се обезбеди планиран и контролиран развој на предметниот простор, економски развој на поширокот подрачје, со

што ќе се дополни севкупната рамковна слика од Просторниот план на Република Македонија.

Со предвидената изградба на индустриските капацитети нема да се предизвика загадување на животната средина. Сите предизвикани влијанија на истата ќе бидат во согласност и со целосно почитување на позитивната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, Условите за планирање на просторот и издаденото Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Постојната инфраструктура, доколку се евидентира на локалитетот, потребно е да се вклопи со планско-проектните потреби, а додека за предвидената класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги потребно е да се дефинираат приклучни точки на основните водови во согласност со податоците, информациите и мислењата од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/2020). Колскиот пристап до градежната парцела ќе биде планиран од јужната страна, преку локалниот пат кој ги поврзува Горно Лисиче и Долно Лисиче. Динмичкиот и стационарниот сообраќај за потребите на градежната парцела ќе бидат организирани во рамки на парцелата.

# ПРИЛОГ

- Графички прилог – Местоположба на локацијата
- Графички прилог – Проектен опфат со пошироко опкружување
- Имотен лист
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога
- Потврда за заверка на геодетски елаборат
- Решение за Услови за планирање на просторот (Арх. бр. УП1-15-380/2023 од 01.03.2023) од Министерство за животна средина и просторно планирање)
- Услови за планирање на просторот со намена индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги на КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром (Тех. бр. Y27222 од Февруари 2023 од Агенција за планирање на просторот)
- Полномошно

Изработил:
Благојче Цветковски, дипл. инж. арх.
Овластување бр. 0.0463

Заверува, Барател:
Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт, ул. Митре Влаот, лок. 24, ТЦ Лисиче, Скопје




## ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ /0.22 ha/
- СОСТОЈБА СПОРЕД ДИГИТАЛЕН КАТАСТАРСКИ ПЛАН
- НОВА СОСТОЈБА СНИМЕНА ОД ТЕРЕН
- ПОМОШНИ ЛИНИИ ЗА СПОРЕДНИ СОДРЖИНИ ВО ПАРЦЕЛА
- ЛИСТОПАДНА ШУМА
- КОС ТЕРЕН
- ЖБУНОВИ
- ПАСИШТЕ
- 235.05m ВИСИНСКА КОТА
- 850 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

| | |
|---|---|
| **ДГППУ ТИПИНГ**<br>ул. 8ми септември, бр. 11/1, Велес тел. 043 232 159 моб. 075 493 400 | ФАЗА: У |
| Проектен опфат со пошироко опкружување | РАЗМЕР: 1:1.000 |
| Предлог проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги | ТЕХ. БР.: 0213-05/22 |
| ПЛАНЕР:<br>Благојче Цветковски, дипл. инж. арх.<br>овл. бр. 0.0463 | ДАТУМ: 09.2023 |
| УПРАВИТЕЛ:<br>Јагода Стојковска, дипл. град. инж. | ЛИСТ: 01 |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Бул. Јане Сандански бр.109, Скопје**
Врска бр. 18-858/1 од 06.04.2023 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-858/6
16-11-2023 20__ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23 ) а во врска со доставен предлог за одобрување на проектна програма за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, од страна на комисијата за урбанизам формирана од градоначалник со решение бр.08-1853/1 од 14.03.2023 год., градоначалникот на Општина Аеродром на ден **13.11.2023** год. донесе :

## РЕШЕНИЕ

**За одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги**

Се одобрува Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги

1. Составен дел на ова решение е Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги ,изработена од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес.
2. Ова Решение влегува на сила со денот на негово донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Преку електронскиот систем е-урбанизам поднесено е барање за одобрување **на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги**, изработена од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес. (бр. на постапка 51236 од 05.04.2023год.), ополномоштени од инвеститорот Друштво за промет и услуги КОНИ-КОПИ ДОО експорт-импорт ,а Јасминка Костадиновска како претставник.

Врз основа на Предлог за одобрување од страна на Комисијата за урбанизам бр.18-858/5 од 07.11.2023 год. донесено е Решение за одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 850, КО Долно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со основна класа на намена Г3-индустрија за склопување на финални производи и сервисни услуги.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Тимчо Муцунски**

Република Северна Македонија Општина Аеродром Скопје